**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Емине Мурати, Љубинка Башеска, Петар Аневски и Снежана Сарџовска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот И.И. од С., по одржаната расправа согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот, на ден 27.09. 2019 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот И.И. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што не води Именик на доверени работи (ИДР) за 2017 година и за 2018 година, во кој е запишана секоја странка од Уписникот за доверени работи во кој е заведен предметот и под кој број, што не е во согласност со членот 26 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

2.Нотарот И.И. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што Именикот за извршни предмети за тековната 2018 год. не го води ниту во пишана ниту во електронска форма, во кој се запишани странкитеод Уписникот за примени предлози за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа за тековната 2018 год., што не е во согласност со членот 27-а) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

3.Нотарот И.И. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при заклучувањето на тековната календарска 2016 година, во Општиот деловен уписник повлекува хоризонтална црта со црвен молив под последниот број на упис и составува забелешка за вкупниот број на извшени уписи, и на истата страна продолжува со уписот под реден број „1„ со датум од 4.01.2017 година, за тековната календарска 2017 год., што не е во согласност со членот 6 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

4. Нотарот И.И. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во Општиот деловен уписник на секоја пополнета страница на уписникот не става свој потпис и печат што не е во согласност со членот 8 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

5. Нотарот И.И. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршењето на нотарската служба во Уписникот за заверки и потврди (УЗП) за 2017 год., за одредени уписи ја пополнува рубриката „1" која се однесува на редниот број како и рубриката под реден број „6", „7" и „8" кои се однесуваат на број на примероци, износи на такса и износи на награда, додека останатите рубрики не се пополнети. За одредени уписи нотарот ја пополнил рубриката „2", која се однесува на датум на упис, додека рубриката „3" која се однесува на податоци за учесникот во постапката за заверка и потврди, рубриката „4" која се однесува на вид и начин на заверка или потврда и вид и краток опис на исправата во врска со која се прави упис, како и рубриката „5" која се однесува на утврдување нна идентитетот на учесниткот се непополнети, а за одредени уписи во рубриката „3" која се однесува на податоци за учесникот во постапката за заверка или потврда има само потпис на учесниците при заверка на потпис, додека останатите податоци за учесникот се непо- полнети. Предното, на пример, уписите од реден број 5237 до 5244, од реден број 5790 до реден број 5794, од реден број 5814 до реден број 5817, од реден број 7781 до7795, од реден број 5692 до 5699, од реден број 5245 до 5249, од реден број 7788 до 8868, редниот број 5250, и за уписите од редениот број 6115до 6512, како и за редните броеви 9054 до 9058.

Ваквата состојба е констатирана и кај Уписникот за заверки и потврди (УЗП) за 2018 год., со што нотарот постапил спротивно на членот 2 и членот 10 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

6.За дисциплински повреди опфатени со точка 1) до 5) од диспозитивот на решениево се изрекува единствена дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

7.Нотарот И.И. од С., **се ослободува од одговорност** дека сторил дисциплинска повреда по член 141 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 29.11.2018 година, под ОДУ бр. 765/18, солемнизирал - потврдил приватна исправа Договор за продажба на возило каде предмет на продажба е моторно возило марка „П." во износ од 2.598,374,оо денари., без приложен доказ за извршена уплата на паричните средства на име на продавачот, односно без притоа да констатира дали плаќањето е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги, па на таков начин да постапил спротивно на членот 48 од Законот за

спречување на перење пари и финансирање на тероризам и членот 29 и 30 од Законот за нотаријатот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет на НКРМ од страна на Министерство за правда бр.09 – 284/5 од 27.03.2019 год., се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторил дисциплински повреди од член 139 став (1) алинеја 3) и 141 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16), со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана, изнесена писмено во поднесокот од 25.04.2019 година и усно на расправата, меѓу другото, наведе дека сите административни грешки опфатени со точка 1) до 5) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка веднаш се исправени, а во однос на точка 6) смета дека правилно постапил бидејќи станува збр за плаќање на продажната цена во рати, што значи дека во моментот на солемнизацијата немал доказ за уплатена рата ниту имал обврска да го бара. Ја известил Управата за финансиско разузнување за склучената зделка, а дополнително му е доставен доказ за уплата на една рата на име на продажната цена. Наведе дека досега не е дисциплински казнуван.

За доказ приложи фотокопија на списи на предметот ОДУ бр.765/18, фотокопии на уписници наведени во диспозитивот на решениево и Извод за состојба на сметката на Б.Ф.ДОО С. од 26.12.2018 година.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и изведените докази Дисциплинскиот совет наоѓа дека :

Нотарот е виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот – „неуредно водење на нотарските деловни книги“, поради тоа што не води Именик на доверени работи (ИДР) за 2017 година и за 2018 година, во кој е запишана секоја странка од Уписникот за доверени работи во кој е заведен предметот и под кој број, што не е во согласност со членот 26 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, според кој нотарот е должен да води именик за доверени работи (ИДР) со содржина утврдена во ставот (1) и (2).

Нотарот е виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што Именикот за извршни предмети за тековната 2018 год. не го води ниту во пишана ниту во електронска форма, во кој се запишани странките од Уписникот за примени предлози за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа за тековната 2018 год., што не е во согласност со членот 27-а) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и

чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, според кој нотарот е должен да води Именик за извршни предмети (ИИП) на начин и со содржина утврдена со ставот (1) до (6).

Нотарот е виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при заклучувањето на тековната календарска 2016 година, во Општиот деловен уписник повлекува хоризонтална црта со црвен молив под последниот број на упис и составува забелешка за вкупниот број на извшени уписи, и на истата страна продолжува со уписот под реден број „1„, со датум од 4.01.2017 година, за тековната календарска 2017 год., што не е во согласност со членот 6 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, според кој, ставот (2), уписите во нова календарска година секогаш започнува на наредната страница, на кој начин нотарот не постапил.

Нотарот е виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во Општиот деловен уписник на секоја пополнета страница на уписникот не става свој потпис и печат што не е во согласност со членот 8 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија, според кој – став (6), на секоја пополнета страница на уписникот од став (1) на овој член, нотарот става свој потпис и печат, на кој начин нотарот не постапил.

Нотарот е виновен за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 3) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршењето на нотарската служба во Уписникот за заверки и потврди (УЗП) за 2017 год., за одредени уписи ја пополнува рубриката „1“ која се однесува на редниот број како и рубриката под реден број „6“, „7“ и „8“ кои се однесуваат на број на примероци, износи на такса и износи на награда, додека останатите рубрики не се пополнети. За одредени уписи нотарот ја пополнил рубриката „2“, која се однесува на датум на упис, додека рубриката „3“ која се однесува на податоци за учесникот во постапката за заверка и потврди, рубриката „4“ која се однесува на вид и начин на заверка или потврда и вид и краток опис на исправата во врска со која се прави упис, како и рубриката „5“ која се однесува на утврдување нна идентитетот на учесниткот се непополнети, а за одредени уписи во рубриката „3“ која се однесува на податоци за учесникот во постапката за заверка или потврда има само потпис на учесниците при заверка на потпис, додека останатите податоци за учесникот се непо- полнети. Предното, на пример, уписите од реден број 5237 до 5244, од реден број 5790 до реден број 5794, од реден број 5814 до реден број 5817, од реден број 7781 до7795, од реден број 5692 до 5699, од реден број 5245 до 5249, од реден број 7788 до 8868, редниот број 5250, и за уписите од редениот број

6115 до 6512, како и за редните броеви 9054 до 9058. Ваквата состојба е констатирана и кај Уписникот за заверки и потврди (УЗП) за 2018 год., со што нотарот постапил спротивно на членот 2 и членот 10 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање како и преземање на други формални дејствија. Имено, според рубриката „3“- Податоци за учесникот во постапката за заверка или потврди, со точка 2) и 3) детално е утврдено кои се' податоци се внесуваат во уписникот, за физички и правни лица, меѓутоа според утврденото нотарот во наведените случаи така не постапил. Според Рубриката „4“ во упсиникот се внесува вид и начин на заверката и вид и краток опис на исправата во врска со која се прави упис, а според утврденото нотарот не постапил на наведениот начин. Истото се однесува и на рабриката „5“ со која детално е утврдено кои се' податоци во уписникот се внесуваат при утврдување на идентитетот на учесникот, а кои податоци не се внесени во наведените случаи во Уписниците УЗП.

При ваквото утврдување, во делот од точка 1) до 5) од диспозитивот на решениево, Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на нотар, при што оцени дека нотарот во изнесената одбраната всушност не ги оспорува констатациите на подносителот на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, кои се утврдуваат од изведените писмени докази, туку само појаснува поради кои причини и на кој начин постапувал на наведениот начин и дека сите технички грешки, на кои укажала Комисијата за надзор на записникот бр.09-284/1 од 15.01.2019 година, веднаш се исправени.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го има предвид фактот дека нотарот, според евиденцијата која се води во Нотарската комора, досега не е дисциплински казнуван, дека во врска со сторените дисциплински повреди не е доставен доказ дека е причинета штета на странките, а дека сторените пропусти во работењето, на кои е укажано од страна на Комисијата за надзор, веднаш се отстранети. Предвид наведеното, за секоја дисциплинска повреда опфатена со точка 1) до 5) од диспозитивот на решениево, се изрекува дисиплинската мерка – јавна опомена, а потоа и единствена дисциплинска мерка – јавна опомена.

Поради наведеното е одлучено како во точка 1) до 6) од диспозитивот согласно со членот 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

Дисциплинскиот совет очекува дека нотарот нема да ги повтори воочените грешки и дека нотарската служба ќе ја врши во согласност со Законот за нотаријатот и наведените подзаконски акти.

Нотарот се слободува од одговорност дека сторил дисциплинска повреда по член 141 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што на ден 29.11.2018 година, под ОДУ бр. 765/18, солемнизирал - потврдил приватна исправа Договор за продажба на возило каде предмет на продажба е моторно возило марка „П.“ во износ од 2.598,374,оо денари., без приложен доказ за

извршена уплата на паричните средства на име на продавачот, односно без притоа да констатира дали плаќањето е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги, па на таков начин да постапил спротивно на членот 48 од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и членот 29 и 30 од Законот за нотаријатот. Имено, видно од членот 2 од Договорот за продажба на возило,кој е потврден со нотарската исправа ОДУ бр. 765/18 од 29.11.2018 година, станува збор за исплата на рати најдоцна до 6/2019 година, според исправката на грешна врз основа на изјавата од 30.11.2018 година. Првата рата, од доставениот доказ- Извод за промени и состојбата на средствата на сметката на ден 26.12.2018 година на Б.Ф.Д. С., купувачот А.А. од С., во износ од 911.300,оо денари, ја има уплатено на ден 26.12.2018 година преку К.б.АД С., а врз основа на фактура бр.43/18 на вкупен износ од 2.598.374,оо денари, колку што изнесува продажната цена според Договорот за продажба на возило.

Според членот 48 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Сл. весник РМ" бр. 120/18), се забранува плаќање со готовина на стоки ни услуги во износ од 2.000 евра или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежна услуга. Во конкретниов случај, договорните страни во Договорот за продажба на возило, со членот 2 договориле продажната цена да биде исплатена во рати, а првата, според утврденото, е извршена на ден 26.12.2018 година преку К.б.АД С..Од тука следува заклучок дека не постоел законски основ именуваниот нотар, согласно со членот 30 од Законот за нотаријатот, да одбие преземање на службено дејствие за потврдување на наведениот Договор за продажба на возило, бидејќи договорните страни имаат дискреционо право да го утврдат-договорат начинот на плаќањето на продажната цена, односно дали ќе биде на рати, каков што е конкретниов случај, а на што нотарот основано укажува во изнесената одбрана. Од друга страна, нотарот постапил согласно со членот 53 став(1) од наведениот закон, бидејќи за склучената зделка на ден 14.12.218 година писмено го известил Министерството за финансии – Управата за финансиско разузнување.

Поради наведеното е одлучено како во точка 7) од диспозитивот на решениево согласно со членот 33 став (1) точка 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**Претседател на советот,**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински орган на Комората;

ДН: Нотарот;
Архивата;